**ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“**
INSTITUTE OF FOLKLORE "MARKO CEPENKOV"

# МАКЕДОНСКИ ФОЛКЛОР

---

# MACEDONIAN FOLKLORE

ГОДИНА / YEAR XL
БРОЈ / VOLUME 73
СКОПЈЕ / SKOPJE 2018

УДК 391(497.11)

Милина Ивановиќ-Баришиќ

# ОБЛЕКУВАЊЕТО ВО ОКОЛИНАТА НА БЕЛГРАД – КОНТИНУИТЕТ И ПРОМЕНИ –

**Апстракт:** Облеката е производ на умешноста на човековото создавање и промислување на човековиот ум. Таа инспирира на осознавање на нејзиното значење во општеството во минатото, но, и во сегашноста. Со векови таа била во согласност со потребите и сфаќањата на колективот, за по само неколку децении после Втората светска војна да настанат значителни промени, во смисла што вниманието воглавно е усмерено кон поединецот и неговиот изглед. Во трудот ќе се укаже на специфичностите на облекувањето во околината на Белград, на нејзиниот континуитет во традиционалната култура, но, и на факторите кои влијаеле на нејзината трансформација и губење.*

**Клучни зборови:** облекување, континуитет, промени, околина на Белград, Србија.

Облеката од нејзиното појавување, за создавачите и носителите, освен функционални особености, претставувала и своевидна инспирација при нејзиното креирање. Облеката ја сочинуваат различни производи со кои се покрива телото, а кои се изработени од различни видови ткаени, плетени, но, исто така и кожни материјали. Освен што го покрива човечкото тело, а со тоа го штити од погледите на другите луѓе, намената на облеката исто така е да го заштити телото од надворешните влијанија – нечистотија, дожд, сонце, ветар, студено време итн. Земајќи во обзир дека облеката го „обвиткува“ телото, таа со својот облик и видот на материјалот од кој што е изработена, ѝ овозможува на личноста која ја носи чувство на помала или поголема удобност при движењето или извршувањето на различни видови работи. Според нејзините основни карактеристики може да се разгледува како: секојдневна, работна, обредна, традиционална, модерна, современа итн. (Ивановић Баришић, 2017, 9).

При разгледувањето на културната историја на определен крај и народот кој го населува – во овој случај околината на Белград, облеката е незаобиколна тема и секогаш на подруг начин актуелна. Како производ на

* Трудот е резултат на истражувањето на проектот 47016: *Интердисциплинарно истражување на културното и јазичното наследство на Србија. Изработка на мултимедијален интернет портал: „Појмовник на српската култура“*, Подпроект 2. *Етнолошко и антрополошко толкување на традицијата* кој во целост е финансиран од Министерството за просвета, наука и технолошки развој на Република Србија.

умешноста на човековото создавање и размислувањето на човечкиот ум, таа инспирира на размислувања за нејзиното значење и улогата која ја имала во традиционалната селска заедница, но, исто така и за местото и вреднувањето на облеката во современото општество. Облеката е незаобиколен дел на колективното минато на жителите на селата, но, и на секој поединец во сегашното време. Поранешните истражувања (Влаховић, 1928, 1930, 1953; Јовановић, 1979; Бјеладиновић, 2011) покажуваат дека облековната култура во српските селски заедници воглавно се ускладувала со потребите и сфаќањата на колективот. Истовремено, колку условите на општествениот живот на село дозволувале, се одржувало определено ниво на континуитет во нивниот развој. Значајна промена настанува после Втората светска војна, иако промени имало и порано, бидејќи општествените прилики влијаеле за само неколку децении традиционалната облека – народната носија, да се замени со облека изработена во занаетчиските работилници или во фабричките погони. Значајна промена во изгледот на облеката и материјалите употребени за нејзина изработка настанала кога создавачите на облеката, својата креативност ја усмериле кон облековниот изглед на поединецот, со што значително се прошириле можностите во креациите на облековни делови. Тој процес е поттикнат не само со начинот на производство на облека, туку и со промената на кројот, но и со воведување на подруг материјал за нејзината изработка. Во прашање се различни видови волнени, памучни и други видови природни материјали, но и материјали изработени од различни синтетички влакна (перлон, најлон, полиамид, полиестер, и др.) кои во определен дел ги замениле поранешните познати материјали (сукно, чоја, плиш, памучно и свилено платно од домашна и занаетчиска изработка и др.), а кои влегле во масовна употреба во декадите на втората половина на 20 век.

***

Да се зборува за облекувањето во околината на Белград, всушност значи да се зборува за две потполно различни епохи на облекувањето – првата од втората половина на 19 и првата половина на 20 век, односно до Втората светска војна и неполни две децении по неа, и втората, половина на 20 век до денес. Во оваа прилика ќе биде направен осврт на времето во кое преовладувал традиционалниот тип на облека, кој во селата на белградската околина преовладувал во втората половина на 19 и првата половина на 20 век. Облекувањето кое се претставува во овој труд се однесува претежно на просторот на белградска Посавина и белградско Подунавље, како две најголеми области кои ја сочинуваат белградската околина.

Истражувањето на облекувањето во околината на Белград покажа дека селските заедници не биле во потполност изолирани, па со самото тоа и во потполност заштитени од промените кои се случувале во општеството. Во таа смисла, облеката како еден од најнестабилните феномени на човековото создавање, била речиси константно во некој вид на промени – се менувале материјали, кроеви, вез, бои и др. Промените во содржината и изгледот на облеката долго време биле избор на поединците и нивните економски можности. Дури после првите „смели“ обиди и поединечни прифаќања на

некои облековни иновации, и после определен проток на време, промената е прифатена и од страна на другите жители од опкружувањето, па со тоа постанува општо селско добро.

Покрај промените во облекувањето поттикнати претежно од економско зајакнување на селските фамилии во втората половина на 19 и првата половина на 20 век, глобално гледано имало настани кои оставиле длабоки траги во целото српско општество, а не само на селските заедници кои припаѓаат на околината на Белград. Имено, само во првата половина на 20 век се случиле неколку воени судири – Балканските војни, Првата и Втората светска војна, во кои учествувало населението од белградската околина, од целата држава, но, и население што живеело на значително пошироки балкански и европски простори. Познато е дека после вакви и слични настани, чии обележја покрај останатото се големи разорувања на инфраструктурата и загуба на голем број население, се случуваат исто така и коренити промени во општеството. Масовното и неконтролирано мешање на населението со различни културни обрасци и животни навики, е само една од нив, така што е речиси невозможно во новите општествени околности задржување во потполност на старите навики и веќе постоечките културни форми. Обично после „големите општествено-културни промени е неопходна интеграција на постоечките и прифатените елементи во нова структура, а потоа модифицирање на новиот глобален модел според потребите на групата кои ја сочинуваат [новата] социјална структура“ (Прошић-Дворнић, 2006, 493).

Следствено на тоа, разгледувањето на облековната култура, во белградската околина укажува на постоење на два паралелни тека на промени, кои во извесен дел течеле самостојно, а во дел се испреплетувале, така што понекогаш е тешко да се издвојат од пошироките настани кои го носат предзнакот на глобалното. Еден од процесите бил тивок, но, затоа константен и подразбирал преземање и вградување на елементи од градската култура во селските средини. Да се спомене влијанието и на фактот, кој веќе од последната деценија на 19 век, во значителна мера ја менувал облековната физиономија на селските населби, како во поглед на материјалите од кои се изработувала облеката, а кои во поранешните децении биле непознати на селската заедница (платно, чоја, шајак, свилен гајтан за вез и др.), потоа во појавата на нови облековни делови (парчиња), како на пример, сукњи во женската, и чакшири, а покасно пантолони со војнички крој во машката облека. Со јакнењето на Белград и проширување на неговата улога во српското општество, неговото влијание постојано се засилувало на опкружувањето, така што ова влијание се чувствува и во сегашно време. Влијанието на градската култура во облекувањето е видлива, од една страна во материјалите од кои е облеката изработена, а кои се набавувани во белградските занаетчиски работилници, додека, од друга страна, влијанието е видливо во набавка на готови производи со „градски“ изглед. Облекувањето по градски модел секако дека е одраз и на економското јакнење на селското опкружување, „затоа што подразбира постоење на вишок пари во селските домаќинства, кои се усмерени на купување на облека заради истакнување на статусот внатре во селската заедница. Покрај тоа, појавувањето елементи на

градскиот костим во селската облека, потврдува дека градот битно влијаел на сфаќањата за убаво облекување во селската средина, како и дека низа градски занаетчии и трговци биле насочени кон набавка на материјали и производство за селското население“ (Гавриловић, 2004, 104).

Другите видови на влијанија на развојот на селските заедници, па и на облеката на нивното население, се нагли и коренити, затоа што задираат во одредени структурни форми во заедницата, и по правило го зафаќаат поширокото општество. Во оваа смисла, најзначајни се последиците на веќе спомнатите воени случувања на севкупниот општествен развој, па со самото тоа и на развојот на селото како микро-заедница на секое општество. Бројните промени кои се случуваат во текот и после воените судири јасно го поларизираат односот на населението кон минатото и новосоздадената сегашност. Иако различните видови промени во облекувањето кај населението на белградската околина се приметни уште во децениите на втората половина на 19 век, а особено се видливи со преминот во 20 век, но, и покасно кон сегашноста, сепак, војните случувања ги поттикнале брзите промени поради прифаќање на порано непознатите облековни парчиња кои поради нивниот изглед и употребениот материјал го менувале делумно или во потполност облековниот изглед на селското население.

Фазите во развојот на облеката кои ги констатирале поранешните истражувачи, најпрво Митар Влаховиќ (1928; 1930; 1953), а покасно и другите кои претежно се ослонуваат на неговите истражувања (Јовановић, 1979; Бјеладиновић, 2011), го потврдуваат запазувањата и на авторот на овој текст, а се однесуваат на фактот дека промените се постојан придружник на животот во селата во белградската околина. Склоноста кон промени и прифаќање на различни новини, не само во облекувањето, својствена е првенствено на младоста. Затоа, и младите биле носители на промени, затоа што полесно ги прифаќале порано непознатите облековни предмети во споредба со постарите, кои малку потешко се одлучуваат за менување на долгогодишните навики. Во согласност со кажаното, сепак, треба да се има во вид фактот дека младите иако се покренувачи на промени, тие, без поддршка од поблиското опкружување, тешко дека би можеле самостојно да ги прифатат новите облековни тенденции, затоа што за таков чекор е неопходна и економска поддршка.

Во секој од периодите кои можат да се издвојат во развојот на облеката во околината на Белград, постоеле фактори кои се битни показатели за промените во општеството, па со самото тоа и во облекувањето. Приближувањето и проникнувањето на градот и селото, кое започнало во последните децении на 19 век, се интензивирало во текот на 20 век, а особено во неговата втора половина. Од друга страна, општествените процеси во доменот на политиката, стопанството, економијата, културата го поттикнувале приближувањето на градот и селото. Последица на овие приближувања, покрај останатото, било интензивно вплеткување на градската во селска култура, што неминовно влијаело и на облековниот изглед – трансформација и исчезнување, ако не во потполност, тоа сигурно во поедини негови сегменти.

***

Доколку тргнеме од фактот дека човекот е тој на кој облеката му е неопходна во секојдневно и празнично време, како и во некои други прилики, тогаш човекот е тој, кој на облеката ѝ дава смисла на нејзиното постоење, како што тој директно или индиректно, свесно или несвесно, учествува во нејзиното облекување. Затоа, потребите на поединците, односно на колективот, како носители на организацијата на селскиот живот, ја определувале и функцијата на облеката. Од друга страна, расположивите материјали, во значајна мера влијаеле на обликувањето на изгледот на облеката како во рамките на домашните работилници, исто така и во рамките на занаетчиските работилници, сè до нејзиното набавување во готов облик. Во таа смисла гледано, облекувањето во околината на Белград, се развивало во согласност со општите услови на развојот на Србија и нејзиниот најважен административен центар – Белград, во текот на 19 и првата половина на 20 век. Во овој поприлично долг временски период се издвојуваат неколку временски периоди во стопанско-економскиот и културно-историскиот развој на општеството во целост, па со самото тоа и на облеката како еден од битните и незаобиколни сегменти на човековото создавање. Во развојот на облеката во 19 и првата половина на 20 век се издвојуваат четири фази на нејзиниот развој: 1. облека до 50-тите години на 19 век; 2. облека од 50-тите до 80-тите години 19 век; 3. облека од 80-тите години на 19 век до Првата светска војна; 4. облека после Првата светска војна.[1]

1. Почнувајќи од средината на 19 век почнуваат значајни промени во облеката на населението во белградската околина.[2] Веќе „помеѓу педесеттите и осумдесетите години на 19 век [се] формирала (...) носија, која значително се разликува од онаа [која до тогаш е носена]“ (Влаховић, 1928, 83). Мажите на ова време ја кратат косата, а и носењето на **фес** било во исчезнување. Во употреба се воведува **шубарата**. Од градското облекување се презема шешир од филц. Телото се покрива со **кошула,** изработена од конопено платно, со должина речиси до колена и **гаќи** со долги и доста широки ногавици. Поедини облековни парчиња ги изработуваат селските терзии (на пр. **дорамак** и др.). Дел од облеката станува и **кожув** – работа на селските занаетчии. Основни обувки се **опинците.** „Многу домаќини носеле домашна говедска кожа на опинчарите (...) во Белград, за да им прават опинци за целото семејство. Овие кожи биле малку штавени, па и опинците биле малку подобри од домашните, кои се правеле од пресни говедски или свински кожи“ (Влаховић, 1928, 85-86), а поедини личности носеле и тнр. *црвени опинци.*

---

[1] Прегледот на облеката прикажан во овој труд е настанат на основа на трудовите на: Влаховић 1928, 77-97; 1930, 41-82; 1953, 48-82; Ивановић Баришић 2017, 43-90. Во споменатите трудови, заинтересираните можат подетално да се информираат за облеката која е предмет на овој труд.

[2] Развојот на облеката може со поголема сигурност да се следи од средината на 19 век, затоа што од тоа време постојат сигурни податоци, но и сочувани примероци во музејските збирки.

Жените косата ја плетеле во две плетенки, кои потоа се обвиткуваат околу ***коњга,***[3] преку која се ставала бела ленена марама. Телото се покривало со **кошула** изработено од конопено платно во стилот на панонските кошули – широки, долги скоро до глуждовите, со долги ракави, набрана околу вратот, со вез на долниот раб на кошулата и ракавите. **Гуњиќ (гунче)** – од бело домашно сукно, се облекувало преку кошулата. На долниот дел на телото се облекувала **сукња,** набрана, и напред по целата должина расечена. Преку сукњата се опашувала **скутина (кецеља).** Дел од женската облека е и **зубан**, изработен од бело домашно сукно, без ракави, долг до под колена. Задолжителен дел на облеката бил **појас,** а на нозете **чорапи, назувци** и **опинци**, кои по начинот на изработката биле идентични со машките.

**2.** Помеѓу 50-тите и 80-тите години на 19 век, мажите воглавно носат **шубара** или **сламен шешир. Кошулата** е со непроменет изглед, но со вез околу вратот, на градите и на „скутовите". **Гаќите** и понатака се дел од машката облека, но, во облеката се воведуваат и **чакшири.** „Чакширите ги правеле селските терзии, и тие изгледа први ги внесле во Посавина, затоа што околу пеесетите години на 19 век многу малку се знаело за чакшири. Во тоа време во селата доаѓаат и абаџии, да изработуваат сукнени одела" (Влаховић, 1928, 85). **Дорамак** го изработуваат селските занаетчии. Наместо дорамак можело да се носи и ***ѓуда*** со долги ракави кои ги изработувале варошките абаџии. Ако била без ракави, се нарекувала ***обушак.*** Исто така, се носела **антерија** со ракави, која се набавувала во Белград. **Кожувот** е дел од облеката, иако поретко. Без **појас** не бил ниеден маж, и затоа може да се смета за задолжител дел на облеката. Се воведуваат во употреба ***дозлуци.*** На нозете се носени **опинци, назувци** и **чорапи.**

Кај жените во ова време се користи ***коњга*** како единствено женско покривало за глава. **Кошулата** е изработена од конопено или ленено платно. Околу вратот е набрана, со долги широки ракави, стегнати во пределот на лактот. Се напуштаат одделни сукнени делови – *зубун, гуњац и гуњиќ,* а се воведуваат куповни облековни делови, набавувани во белградските занаетчиски работилници – *ѓуда, ѓудица, либаде* и *кадифен елек.* Во ова време, девојките, но и жените, почнуваат предните делови од **сукњата** да ги подигнуваат и да ги закачуваат за појасот. С**кутиите** се носат и понатака, без значителни разлики во однос на порано. Во летниот период кога не се носела сукњата, се ставала задната скутина. Околу половината се опашувале со **појаси.** На нозете се облекувале **чорапи, назувци** и **опинци.**

**3.** После 80-тите години на 19 век промените во облековниот изглед настануваат како последица на зајакнување на економијата во општеството, зголемување на влијанието на градот на селото, како и воведување на воена облека во машкото облекување. Во ова време машката **кошула** се скратува, а повеќе не е ни широка како порано. Се воведуваат манжетни, при дното на ракавите, а *колир (јака)* и *крагња* околу вратот. Кошулата на градите е длабоко отворена, со набори околу отворите. На градите, крагната / јаката и

[3] *Коњга* е вид женско покривало за глава кое помасовно се носело до Првата светска војна.

манжетните е везена во вид на флорално-цветна орнаментика. Овој тип кошули се носел сè до 30-тите години на 20 век. Речиси до Првата светска војна ги изработувале самите жени. Гаќите и понатака се носат, особено летно време, но се потесни и пократки. Над кошулата се облекувал **гуњ** со долги ракави, напред отворен и на закопчување, а се носел и **дорамак**. Ако бил изработен од сина чоја се викал *вермен* или *јелек,* украсен со свилени гајтани, речиси по целата негова површина. Се носеле и везени кожуви, слични на оние носени во Војводина. **Чакширите** станале вообичаен дел на машката облека. **Чорапите** и понатака се носат, а **опинците** почнуваат да се изработуваат од подебела, штавена кожа со врв кој образува голем и широк *клун.* Околу нозете се врзувале со *опут* – врвки од иста кожа.

Во последната декада на 19 век, Белград значително влијаел на женската облека. **Коњги** и понатаму се носат, но се помали од оние кои се носеле порано, а исто така се носела и марамата, која се ставала над конгата. „Марамите иако се купувале, сепак биле со такви бои, кои се носат само во овој крај. А се со најобични бои: отворено-жолта, розево-жолта, затворено-зелена и светло сина. И според овие купени марами се распознавале жените од Посавина од жените од соседните области. Во почетокот на 20 век, имало жени кои не носеле којнга, туку се забрадувале без неа. Овие случаи биле многу ретки“ (Влаховић, 1930, 61).**Кошулата** е изработувана од памучно платно, со тоа што, должината ѝ се скратува до средината на листовите на нозете, со долги ракави, не премногу широки, со јака/крагна околу вратот. На крагната, градите, ракавите и предниот долен дел биле везени со вез изработен *покрстачно* или *пречно.* Во пределот на струкот задолжително биле носени неколку **појаси.** Во текот на последната декада на 19 век, женскиот **кожув**, со ракави или без нив, ја потиснува од употреба *ѓудата* и *ѓудица.* **Сукњата** е иста по начинот на изработка, но, е поширока и поживописна во бои. **Скутините** и понатака се ткајат, но, „скутините во овој период значително се разликуваат по бои од скутинните во постариот период, бидејќи во ова време се употребуваат куповни бои. Самите селанки велат, дека е голема разликата помеѓу старите бои, кои се правени од растенија во домот, и купените. Старите бои се поживи и посветли, и она што е значајно е дека се тие попостојани“ (Влаховић, 1930, 67). Се носи и **заднаскутина (престилка)**, која била поширока од предната, со потемна боја и помалку украси. Се носела во домот и во поле за време на летните месеци. **Опинците** се исти како и кај мажите. **Чевлите** и понатака се ретко гледани, но, се носеле папучи, кои се купувани во варошите. **Чорапите** се долги до колена, плетени од црна или загасито црвена волна. **Назувците** и понатака се носат, и се идентични со поранешните.

**4.** После Првата светска војна, облеката на постарите мажи останала речиси иста, како и пред војната. Помладите носат **шајкача,** додека постарите ја задржуваат **шубарата. Кошулите** помалку се украсуваат од порано, а често ги шиеле селските шнајдерки, кои на нивниот граден дел зашивале готов вез. **Гаќите** и понатака се носат, но претежно ги шијат селските кројачи. Се носи **фермен** изработен од сина чоја, речиси во целост прекриен со вез на изработени темно-црвени гајтани. **Дорамакот** е од волнен материјал – *шајак.*

**Кожувот** се носи и понатака, но, значително повеќе се украсува, отколку пред војната. Постарите носат **чакшири,** а помладите **пантолони.** Во текот на летото се носи **гуњ** (блуза) – исто така изработена од шајак поретко од сукно. По начинот на изработката е сличен на војничка блуза, исто како и панталоните. **Појасот** и понатака е неизоставен дел од облеката. **Чорапите** се од волна, со многу малку вез. **Опинците** се изработувани од штавена кожа и речиси се единствени обувки.

Во женската облека во ова време, најочигледната промена се однесувала на покривалата за глава, бидејќи се исфрла коњгата, која пред војната жените ја чувале „како светиња“. Оваа промена почнала уште за време на Балканските војни, кога мајка чиј син настрадал во војна, ја исфрлала коњгата во знак на жалост. Во текот на првите две децении на 20 век, коњгата е речиси во потполност изоставена. **Кошулата** во овој период почнува да се дели на два дела – *оплеќак* – горниот дел на кошулата *и скута* – долниот дел. **Елекот** се набавува како готов производ кај терзиите или абаџиите. Кројот на **сукњата** е задржан, но значително е побогата со вез, а се носат и **паргари** – вид нешто пократка и во струкот набрана сукња. **Скутините** се пошироки од поранешните, со различни бои и обично со везени цветни орнаменти. **Појасот** и понатака е важен детаљ на облеката. Во децениите помеѓу двете војни се појавува *рекља* – изработена претежно од тенко платно, со должина до појас и со долги ракави, со крагна околу вратот и со закопчување на градите. Летно време се носени над кошулата, а зимно над елекот и кожувот. Набавувани се во белградските шнајдерски работилници. Помеѓу двете светски војни почнуваат да се носат и *костини* – капути со должина до под струкот, со долги ракави и напред на закопчување. Во лето се носени над кошулите, а во зима над елекот и кожувот. **Рекљата** и **костинот** биле дел од облеката на поимотните селани. **Кожув** (*кожу*) е сличен на оној од претходниот период, со должина до под појас и со долги ракави. На нозете и понатака се носени **опинци** идентични со машките. Чевлите се ретки, а за празници се носеле купени **папучи. Чорапите** се волнени или памучни.

***

Облекувањето како исклучително значаен дел на народното творештво изникнало во народот, односно од неговите потреби, па заради тоа во обликувањето на облековните парчиња бројни поколенија кои доаѓале во селата во белградската околина ги внесувале своите емоции и вештини на создавање. Познато е дека „творецот, низ своите доживувања додава обележја колку може и умее, затоа што сѐ е подредено на потребите, вкусовите и поимањата на заедницата“ (Пантелић, 1990, 76). Облеката, иако тоа на прв поглед не мора така да изгледа, е поврзана со општествено-економскиот и културниот систем кој постои во општеството. Во таа смисла гледано, во облеката како одраз на општествените односи и прилики кои владееле во белградската околина се содржани бројни значења. Од друга страна, фактот дека облеката претставува и вид на невербална комуникација во заедниците со

традиционална организација на општествениот живот, пошироко гледано, таа е многу значајна за разбирање на различните процеси во општеството.

Во долгиот временски период, создавањето на облеката бил интегрален дел на локалната (потесната) заедница, па заради тоа, за нејзината изработка, не биле потребни, ниту постоеле посредници кои би ги поврзувале создавателите и носителите на облеката. Променетите општествени околности, значеле и појава на посредници во селата – обично занаетчии и трговци, така што на сегашниот набљудувач и проучувач на овој сегмент на културното наследство, споменатата појава му претставува сведоштво дека во селското општество постоеле потреби за производи различни во однос на веќе постоечките. Заради тоа, обучените мајстори – занаетчии, кројачи, а потоа и трговци, постанувале не само посредници помеѓу селото и градот, туку и најзначајни чинители на промена во селското облекување. Кај трговците и занаетчиите се набавувани „фини“ материјали за изработка на облека, но, и „готови“ облековни парчиња (делови). Појавата на (полу)професионалци во селското опкружување значела дека на селското население му се олеснувала набавката на готови облековни делови. Занаетчиите и трговците, всушност, со својата работа, поттикнувале различни иновации во облеката на населението во околината на Белград.

Во периодот до Втората светска војна, селското облекување во околината на Белград, односно – изгледот на облеката, нејзината функција и значење можат да се разгледуваат како континуитет во нејзиниот развој. Сè до 50-тите години на 20 век, *народната носија* претставувала речиси единствен вид на облекување на селското население, што би значело дека функциите на облеката во основа се одржувани во континуитет. Појавувањето на нови материјали, кројни форми, па и делови од облека, непознати на селското миље, секако дека се почетоци на дисконтинуитетот во облекувањето. Затоа, пратењето на облековниот изглед карактеристичен за селските заедници кои ја сочинуваат околината на Белград, се однесува на прво место на промената во изгледот на облековните делови – кошула, скутина, гаќи, елек, сукња, обувки, покривала за глава, итн., а потоа и на менување на нивните функции, вклучувајќи ја и промена на значењата. Споменатиот пристап е значаен, затоа што облековниот предмет можел во долг временски период да го задржи истиот крој, но, сепак во визуелна смисла да изгледа изменето. На тоа секако придонела употребата на различни видови материјали во нејзината изработка. Исто така, значајно е да се напомене дека донекаде се менувал формалниот изглед на облеката и поради употребата на анилински бои за боење на волнените и памучните конци кои се употребувани за ткаење или декорација на предметите. За разлика од формата, низ временското траење, функциите на облеката помалку биле подложни на промени. Функциите се воглавно определени според приликите во кои облеката се носела – секојдневна, празнична, венчална, за крштевка, погреб и сл., па тоа е една од веројатните причини за нејзиното подолго задржување кај постарото население, а што се однесува до правилата, тие во извесна смисла важат и денес, само што облеката е сосем со подруг изглед во однос на онаа која е предмет на разгледување во овој труд.

Во спознавањето кое значење го имала традиционалната облека во селската заедница, од важност бил и орнаментот кој бил изработуван со ткаење, везење, плетење или со апликација. Во значењска смисла, неговата боја и формален изглед биле од исклучително значење, особено на предметите со постара изработка. Имено, орнаментот бил носител на симболика на значење и го „насочувал“ предметот кон неговата основна функција, односно – кон неговата намена во социјална и обредно-религиска смисла. Со воведување, пред сè во везилната пракса, на преминот од 19 во 20 век, на порано претежно непознати орнаменти, кои по пат на готови мостри се преземени од други народи и култури (в. Беловић-Бернадзиковска, 1907), во значајна мера се променило и општото визуелно доживување на облековниот предмет, па и на целиот комплет. Со употребата на анилински бои „се разводнила“ симболиката на митолошкото наследство содржано во орнаменталното изразување на предметите со постара изработка. Настанатата промена, покрај останатото, влијаела орнаментот да престане да праќа симболичка порака и воглавно да се претвори во доживување на убаво, без „приказна“ која порано го пратела, а со самото тоа да праќа и определена (скриена) порака. „Во колку тргнеме од претпоставката дека облековните предмети по симболиката на боите и шарите на нив претставуваат дел на комуникациски код, тогаш тоа би значело дека со губење на симболичката порака предметот станувал ‘обичен’, затоа што повеќе не бил преносител на митолошка содржина, туку само на естетска“ (Ивановић Баришић 2017, 176-177).

Времето кое претставува истражувачка рамка на темата на овој труд, е обележано со различни видови трансформации низ кои поминала поширока та општествена заедница, а се промениле и неколку држави, сите со различни именувања и уредувања – почнувајќи од Кралството Србија, преку Кралството на Југославија, до СФР Југославија, во периодот после Втората светска војна. Секоја промена во политички контекст, значела и преобразување на општествено-економскиот развој на земјата и нејзиното население, па со самото тоа и на културното наследство – во овој случај облеката како еден од неговите сегменти. Затоа, ако прифатиме како битен фактор дека културата се докажува „со квалитетот кој се согледува во општествените односи, во јавниот живот, во секојдневното однесување“ (Доменак, 1991, 8), тогаш е тешко разбирливо зошто во релативно кратко време во decениите после Втората светска војна, селската облека речиси во потполност да биде поттисната од облековниот инвентар на селското население на белградската околина; како и поради што населението на белградските села немале потреба да го сочуваат сеќавањето на своето облековно минато, како дел на културното минато, односно долговремениот колективен (селски), но и личен идентитет, затоа што облеката која се носела до Втората светска војна и во краток период по неа, скоро во целост е напуштена.

## Литература

### Кирилични изданија:

БЕЛОВИЋ-БЕРНАДЗИКОВСКА, Ј. (1907). *Српски народни вез и текстилна орнаментика*. Нови Сад: Матица српска.

БЈЕЛАДИНОВИЋ, Ј. (2011).*Традиционална ношња Срба у XIX и XX веку*. Београд: Етнографски музеј.

ВЛАХОВИЋ, М. С. (1928). Мушка ношња у београдској Посавини. *Гласник Етнографског музеја у Београду*, III, 77-97.

ВЛАХОВИЋ, М. С. (1930). Женска ношња у београдској Посавини.*Гласник Етнографског музеја у Београду*, V, 41-82.

ВЛАХОВИЋ, М. С. (1953). Женска ношња у околини Београда од средине 19. века до данас.*Гласник Етнографског музеја у Београду*, XVI, 48-82.

ГАВРИЛОВИЋ, Љ. (2004). *Балкански костими Николе Арсеновића*. Посебна издања, 52. Београд: Етнографски институт САНУ.

ИВАНОВИЋ БАРИШИЋ, М. (2017). *Одевање у околини Београда: друга половина 19. и прва половина 20. века*. Посебна издања, 88. Београд: Етнографски институт САНУ.

ЈОВАНОВИЋ, М. (1979). *Народна ношња у Србији у XIX веку*. Српски етнографски зборник: Живот и обичаји народни, 38. Београд: Српска академија наука и уметности.

### Латинични изданија:

DOMENAKŽ.-M. (1991). *Evropa: kulturni izazov*. Biblioteka XX vek. Beograd: Plato.

PANTELIĆ N. (1990). Narodno likovno stvaralaštvo (nasleđe), proizvodi činilac etničkog – narodnog – nacionalnog. *Etnoantropološki problemi,* 7, 75-80.

PROŠIĆ-DVORNIĆ M. (2006).*Odevanje u Beogradu u XIX i početkom XX veka*. Beograd: Stubovi kulture.

Milina Ivanović Barišić

CLOTHING IN THE SURROUNDINGS OF BELGRADE
– CONTINUITY AND CHANGES –

Summary

The reality of the clothes is indisputable both in the past and in the present time. Considering that the inevitable part of the life of an individual and a collective is understandable is the tendency towards its constant modernization and maintenance of the “step” with the times and changes it carries. As a product of the skill of human hands creation and thinking of the human mind, the clothes inspired recognition of its importance to society in the past, but also in the present. For centuries, clothing has been aligned with the needs and perceptions of the

collective, so that in just a few decades after the Second World War there is a significant change in the sense that attention is mainly directed towards the individuals and their appearance. In practice, this seemed to be a show on the example of rural clothing around Belgrade, where by the middle of the 20th century there was a special type of women's clothing – unknown in other parts of Serbia.

The paper shows the specificity of the clothing in the surroundings of Belgrade – the continuity of clothing, materials for their making, cut shapes, ornament, etc., as well as the advent of new forms of clothing as a discontinuity in clothing.



Сланци, 1929. Документација на Етнографскиот музеј во Белград



Велика Моштаница, 1927. Документација на Етнографскиот музеј во Белград



Ресник, 1913. Документација на Етнографскиот музеј во Белград



Велика Моштаница, 1927. Документација на Етнографскиот музеј во Белград

СОДРЖИНА

Витомир Митевски, **МАКЕДОНСКИТЕ ПЕСНИ ЗА МАРКО КРАЛЕ И ВИЗАНТИСКАТА ЕПСКА ТРАДИЦИЈА** 5

Боне Величковски, **МЕЃУ ТРАДИЦИЈА И МОДЕРНОСТ – ФОЛКЛОРОТ И ФОЛКЛОРИСТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** 13

Ана Мартиноска **ТРАДИЦИЈА И СОВРЕМЕНОСТ – НЕКОЛКУ ТЕОРИСКИ ПЕРСПЕКТИВИ НА НАРОДНАТА КУЛТУРА** 23

Славица Србиновска, **ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНИ ПРИСТАПИ: СОВРЕМЕНИТЕ ТЕОРИИ ЗА КУЛТУРАТА И ФОЛКЛОРОТ** 33

Илина Јакимовска, **УПОТРЕБАТА НА ФОЛКЛОРОТ ВО СОВРЕМЕНАТА ПОЛИТИЧКА РЕТОРИКА И ВО ПОПУЛАРНИОТ ДИСКУРС ВО МАКЕДОНИЈА** 43

Весна Петреска, **УПОТРЕБАТА НА РИТУАЛНОТО СРОДСТВО ВО СОВРЕМЕН КОНТЕКСТ** 53

Ана Ашталковска Гајтаноска, **(ЗЛО)УПОТРЕБА НА НАЦИОНАЛНОТО РАЗЛИЧНИ ПЕРСПЕКТИВИ ЗА ЗАДАЧИТЕ НА „НАЦИОНАЛНИТЕ“ НАУЧНИ ДИСЦИПЛИНИ ВО МАКЕДОНИЈА** 67

Леонтина Гега-Муса, **ПОВТОРНОТО ВОВЕДУВАЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНОТО ВО СОВРЕМЕНОСТА (ОБРЕДОТ НА КАНАТА)** 81

Lumnije Kadriu, **THE (UN) KNITTING OF TRANSNATIONAL MARRIAGES AMONG KOSOVO ALBANIAN DIASPORA** 89

Valentina Vaseva, **COMMUNAL CELEBRATIONS IN THE LOCAL ENVIRONMENT:TRADITIONS AND MODERNITY** 103

Albena Georgieva, **CREATING REALITY BETWEEN POVERTY AND SAINTS (Desa Dimovska from Kriva Palanka)** 111

Ели Луческа, **ХРИСТИЈАНСКИТЕ СВЕТИЛИШТА ВО С. ТУМИНЕЦ, ПРЕСПА (Р. АЛБАНИЈА) СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МАНАСТИРОТ „СВЕТА МАРЕНА“** 121

Tsvetelina Dimitrova, **THE IMAGE OF THE KING-DEMIURGE – MODERN IMPLICATIONS AND MYTHOLOGICAL CONTEXT** 129

Кристина Димовска, **ТЕРМИНОТ ‘ВАРИЈАЦИЈА’ И НЕГОВАТА ПРИМЕНА ВРЗ ПАРЕМИОЛОШКИТЕ ИСКАЗИ** 141

Ермис Лафазановски, **ВИЗУЕЛНАТА РЕТОРИКА НА МАКЕДОНСКИОТ ФОЛКЛОР** 151

Милина Ивановиќ Баришиќ, **ОБЛЕКУВАЊЕТО ВО ОКОЛИНАТА НА БЕЛГРАД - КОНТИНУИТЕТ И ПРОМЕНИ** 161

Evgenia Troeva, **CONTEMPORARY VILLAGE/TOWN FESTIVALS WITH CULINARY SYMBOLISM** 175

Olga Pashina, **THE STUDY OF FOLK SINGING TERMINOLOGY** 185

Ирина Теплова, **ФОЛКЛОРНИОТ АРХИВ НА Н. А. РИМСКИ-КОРСАКОВ ВО ЗБИРКАТА НА ОДДЕЛОТ ЗА РАКОПИСИ НА РУСКАТА НАЦИОНАЛНА БИБЛИОТЕКА** 193

Costis Drygianakis, **CHANTING IN GREEK ORTHODOX CHURCHES: ORALITY AND MUSICAL LITERACY, FINDINGS AND RECONSTRUCTIONS. AN ETHNOGRAPHIC APPROACH** 207

Gerlinde Glaser, **SISTER AND BROTHER - A MARRIAGE IN HEAVEN (II Part)** 217

Анета Светиева, **IN MEMORIAM - Проф. д-р Цветанка Органџиева** (1923–2018) 231

Наде Ѓеорѓиева, Анета Светиева, **БИБЛИОГРАФИЈА НА ПРОФ. Д-Р ЦВЕТАНКА ОРГАНЏИЕВА** 239

**МАКЕДОНСКИ ФОЛКЛОР**
**СПИСАНИЕ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФОЛКЛОР**
**„МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ – СКОПЈЕ**

За издавачот:
Зоранчо Малинов, Директор

Главен и одговорен уредник:
Катерина Петровска –Кузманова

Секретар:
Кристина Димовска

Лектура:
Лидија Тантуровска

Подготовка и печат:
Заштитно друштво печатница
ГРАФО ПРОМ
Битола

Тираж: 500 примероци

UDC 398
ISSN 0542-2108

Изданието е финансирано од Министерството за култура на Република Македонија